**Известување за концентрација која се однесува на стекнување контрола од АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., Словенија над СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о., Република Хрватска и СН ДУБИЦА д.о.о., Република Хрватска, како и индиректна над друштвата Чазма енергија д.о.о., Република Хрватска, и Дубица енергија д.о.о., Република Хрватска**

**(предмет бр. 08- 103 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.07..2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија над друштвата СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Авенија Вечеслава Холјевца 62, Загреб, Република Хрватска и СН ДУБИЦА д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Авенија Вечеслава Холјевца 62, Загреб, Република Хрватска, како и индиректна контрола над друштвата Чазма енергија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Новачиќа Милана 7, Град Чазма, Република Хрватска и Дубица енергија д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Новачиќа Милана 7, Град Чазма, Република Хрватска.

**-АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.** е словенечко друштво за управување со алтернативни инвестициски фондови, основано кон крајот на 2020 година, со регистрирана главна дејност – управување со фондови. АЛФИ Ренуаблс управува со специјализиран инвестициски фонд АЛФИ зелени извори на енергија, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија („АЛФИ Грин Енерџи Фанд" кој извршува активност на вложување на средства, собрани од различни инвеститори согласно неговата политика за инвестирање, во ветерни и фотоволтаични централи кои произведуваат електрична енергија преку трансформација на ветерна и сончевата светлина како природни обновливи ресурси, по можност во фазата на изградба или во подоцнежната фаза на развој.

Алфи Групата, гледана во поширока смисла (која ги опфаќа и АЛФИ Ренуаблс и АЛФИ Грин Енерџи Фанд), има регистрирано локално присуство преку индиректно зависно друштво и остварува приходи во Северна Македонија преку продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

**-СУПЕРНОВА ЧАЗМА д.о.о**. е друштво со посебна намена, основано на 3 октомври 2023 година во Република Хрватска, со регистрирана приоритетна дејност - производство на електрична енергија (шифра на дејност: 35.11).

Друштвото Чазма енергија е основано на 24 март 2023 година и го има развиено проектот за фотонапонска електроцентрала „Чазма" во Бјеловарско-билогорската жупанија, Република Хрватска, со проектиран капацитет за приклучок од 90 MW. Чазма енергија поседува одреден имот, дозволи и права за развој и изградба на фотонапонска електроцентрала „*Чазма*".

Супернова Чазма (вклучувајќи го друштвото Чазма енергија) нема регистрирани зависни друштва ниту остварува приходи во Република Северна Македонија.

**-СН ДУБИЦА д.о.о.** е друштво со посебна намена основано на 3 октомври 2023 година во Република Хрватска, со регистрирана приоритетна дејност - производство на електрична енергија (шифра на дејност: 35.11).

Друштвото СН ДУБИЦА д.о.о. е основано на 15 јуни 2023 година и го има развиено проектот за фотонапонска електроцентрала „*Дубица*" во Сисачко-мославаската жупанија, Република Хрватска, со проектиран капацитет за приклучок од 90 MW. Дубица енергија поседува одреден имот, дозволи и права за развој и изградба на фотонапонска електроцентрала „Дубица".

СН ДУБИЦА д.о.о. (вклучувајќи го друштвото Дубица енергија) нема регистрирани зависни друштва ниту остварува приходи во Република Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки во Северна Македонија треба да биде дефинирано како пазар за производство и продажба на електрична енергија на големо.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

24.07.2024 година

Скопје